*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6656/**

**З А П И С Н И К**

**Од 201.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 31.10.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Виолета Димеска-Одделение за планирање и реализација на буџет во МРТ. |

**201.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 12.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 200.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2022-30.09.2022 година.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 200.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 200.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 200.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 200.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2022-30.09.2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.07.2022-30.09.2022 година.
Виолета објасни дека во третото тримесечје од 2022 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 233.598.114 денари и расходи во вкупен износ од 230.778.437 денари со што е остварен позитивен финансиски резултат од 2.819.677 денари.
Во периодот 07-09 месец 2022 година реализирани се приходи во износ од 233.598.114 денари.
Како приход со највисок износ е приходот кој МРТ го добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност и истиот во анализираниот период е остварен во износ од 167.625.000 односно 71.8% од вкупно остварениот приход.
По основ на финансирање на програмски и техничко технолошки развој во третиот квартал од 2022 година од Буџетот на РСМ остварен е приход во вкупен износ од 62.400.000 денари.
Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 22.450 денари, додека пак по основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и други услуги) и услуги во странство остварен е вкупен приход во износ од 421.390 денари односно 8.43% во однос на планираниот износ за овие намени.
Ставката останати деловни приходи е реализирана во износ од 2.507.141 денари, а се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, наплатени отпишани побарувања, приходи од вредносно усогласување на побарувања од РДТ, дополнитено утврдени приходи од минати години и друго.
Приходите од наплата на средства по основ на судски пресуди во корист на МРТ бележат остварување во износ од 30.692 денари.
Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во третото тримесечје од 2022 година е остварен во износ од 591.441 денари што е реализација од 0.3% на планираните средства во Финансискиот план за 2022 година за оваа намена.
Во текот на периодот јули - септември 2022 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 230.778.437 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2022 година претставува остварување од 20.5%.
Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема во третиот квартал од 2022 година фактурираната реализација изнесува 2.100.400 денари, овие средствата се наменети за надградба на систем за архивирање на материјали.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2022-30.09.2022 година без забелешки.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2022-30.09.2022 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2022-30.09.2022 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2022-30.09.2022 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледана Одлука за откуп на програма и склучување на договори:
-Одлука за избор на програма со бр.02-6479/1 од 12.10.2022 година.

Седницата заврши во 12.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател